Имајќи ги предвид мислењата, предлозите, препораките и коментарите по работниот текст на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина, изнесени на Јавната расправа одржана на 13 март 2012 година, од страна на заинтересираните субјекти, а со цел донесување на квалитетна законска регулатива во областа на заштитата на животната средина, Националниот совет за евроинтеграции на седницата одржана на 12 јуни 2012 година ги усвои следните

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. "Националниот совет за евроинтеграции го поддржува донесувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина со цел да се обезбеди усогласување со Директивата 96/82/ЕЗ на Советот за контрола на опасности од хаварии што вклучуваат опасни материи.

2. Со цел да се обезбеди ефикасно спроведување на законот, Националниот совет за евроинтеграции препорачува дека измените и дополнувањата на Законот за животната средина треба да содржат јасни и прецизни одредби во однос на постапката за спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции.

3. Националниот совет за евроинтеграции укажува на потребата за утврдување на јасни и прецизни критериуми врз основа на кои ќе се определува во кои случаи одредена несреќа ќе се смета за хаварија.

4. Имајќи предвид дека постојниот Закон за животната средина, од периодот на неговото донесување е повеќе пати изменет и дополнет, Советот оценува дека е потребно да се донесе нов закон за животната средина, усогласен со европското законодавство од соодветната област.

5. Националниот совет за евроинтеграции укажува на потребата за целосно исполнување на краткорочните и среднорочните приоритети од Партнерството за пристапување 2007 со Република Македонија, во Поглавјето 27-Животна средина, како и препораките од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година.

6. Советот оценува дека предлозите, забелешките, препораките и коментарите по работниот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина, изнесени на јавната расправа, треба да бидат земени во предвид од страна на Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Комисијата за транспорт, врски и

екологија и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија.

7. Овие заклучоци заедно со стенографските белешки од јавната расправа да се достават до Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Комисијата за транспорт, врски и екологија и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија.
   Заклучоците од јавната расправа да се достават и до претседателот на Собранието на Република Македонија.

8. Заклучоците, заедно со стенографските белешки од јавната расправа да се објават на интернет страницата на Националниот совет за евроинтеграции на Собранието на Република Македонија, за да бидат достапни до стручната и пошироката јавност".